Nikola Tupancheski
Digitally signed by Nikola Tupancheski
Date: 2022.11.17 10:06:03 +01'00'

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-2478/6

Скопје, 16-11-2022 година

Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), министерот за правда д-р Никола Тупанчески донесе

# ОДЛУКА
## за избор за постапка објавена со оглас број 14852/2022

1. За најповолени понудувачи за набавка на услуги – Осигурителни услуги: - Осигурување на моторни возила од автоодговорност и каско осигурување и зелен картон; - Осигурување на движен и недвижен имот на МП и - Услуги за патничко осигурување на вработените надвор од земјата, се избраа:

**„ Дел 1 - Осигурување на движен и недвижен имот на Министерството за правда - Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп**

**Дел 2 - Осигурување на моторни возила од автоодговорност, каско осигурување и зелен картон - Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп и**

**Дел 3 - Услуги за патничко осигурување на вработените надвор од земјата - Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп "**

2. Се задолжуваат Секторот за општи работи и Секторот за финансиски прашања да ја спроведат оваа Одлука.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Усогласениот годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година и прва измена на годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/2 од 08.02.2022 година на Министерството за правда и втора измена на годишниот план за јавни набавки бр.05-271/3 од 30.08.2022 година на Министерството за правда, Комисијата за јавни набавки при Министерство за правда спроведе поедноставена отворена постапка за набавка на услуги – Осигурителни услуги: -Осигурување на моторни возила од автоодговорност и каско осигурување и зелен картон; - Осигурување на движен и недвижен имот на МП и - Услуги за патничко осигурување на вработените надвор од земјата.

Министерство за правда врз основа на спроведената поедноставена отворена постапка за набавка на услуги, согласно член 49 од Законот за јавни набавки, по разгледување на доставените понуди од страна на 4 (четворица) економски оператори преку ЕСЈН за секој дел поединечно односно за дел 1 беа поднесени 3 (три) понуди, за дел 2 беа поднесени 4 (четири) понуди и за дел 3 беа поднесени 3 (три) понуди, донесе Одлука за избор на најповолна понуда број 05-2478/2 од 12.10.2022 година, која одлука беше обжалена од страна на Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп. Државна комисија за жалби по јавни набавки донесе на 02.11.2022 година на 39 – та седница донесе Решение со кое Жалбата на Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп ја усвојува и ја поништува Одлуката за избор на најповолна понуда број 05-2478/2 од 12.10.2022 година ја поништува, а предметот го враќа на повторна евалуација.

Договорниот орган постапи по Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки и по спроведената повторна евалуација одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Одлучено во Министерство за правда по спроведена постапка за набавка од мала вредност за набавка на стоки објавена со оглас број 14852/2022.

**Правна поука: Против одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државна комисијата за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
**Министер за правда**
**д-р Никола Тупанчески**

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за општи работи

Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки
Подготвил: Насер Ќамили, самостоен референт
Контролирал: м-р Марина Миновска, раководител на одделение


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification